Активна борба против корупцијата – постери	13.02.2022	Владе Угриноски педагог, психолог	Работилница (изработка на постери)	Креативни идеи за борба против корупцијата
Утврдување на знаењатаза корупција и антикорупција	13.02.2022	Владе Угриноски педагог, психолог	Прашалник за ученици	Утврдување на наученото
Извештај за реализација на наставните активности	15.2.2022	Владе Угриноски	Есеј	Евалуација од реализираните наставни активности
Реализирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Методи и постапки за реализација**	**Исходи и ефекти**
Причини и последици од корупција	01.03.2022	В.Угриноски	Усно излагање, дијалог	Успешна реализацијана програмата
Активна борба против корупција	12.04.22	Бранко Димоски Владе Угриноски	Усно излагање, дијалог	Да се согледаат предзнаењата на учениците
Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	29.03.22 24.03.22 +12.04.22	Владе У. Коце Б. Бранко Д.	Усно излагање, дијалог	*Запознавање со поимите корупција и антикорупција

10. Други активности

- ***Соработка со локална средина и локална заедница/ активностите се онлајн организирани/***

-Соработката со локалната средина оваа учебна година се оствари преку:

- Одржување на редовни наставничко – родителски средби
- Одржување на групни наставничко — родителски средби со одделенските раководители, стручните соработници,директор, родители и ученици.
- Индивидуални средби и тоа: родители-наставници, родители-стручни соработници, родители- директор.
- Работа со Советот на родители на ниво на училиште и на ниво на паралелки.
- Работа со Училишниот одбор.

Во согласност со програмата за работа на училиштето реализирани се планираните родителско наставнички средби при што на родителите им беа соопштувани информации во врска со работата на училиштето, успехот и поведението на учениците, изборот на Совет на родители на паралелката, изборот на член во Советот на родители на училиштето, осигурувањето на учениците, соработка на одделенските раководители со родителот.

Во текот на учебната година беа реализирани голем број на групни средби со родтели и ученици на кои се разговараше за проблемите: ученици кои се нередовни во настава, проблем — ученици, организација на работата во паралелката. На овие средби беа присутни: директорот, помошник директорот, педагог, психолог, дефектолог, одделенски раководители, родители иученици.

Согласно измените во Законот за основно образование психологот и училиштето реализираше групни советувања со родители чии што деца покажуваа несоодветно однесување, имаат повеќе од три слаби оцени и имаат направено повеќе изостанци.

Особена соработка во текот на училишната година училиштето имаше со следните локални субјекти: Локалната самоуправа заедничко учество во проектот за подобрување на условите за работа во училиштето ,Еколошко друштво ,,Треска„„,Дирекција за заштита и спасување, Здравствениот дом, Детската градинка, Средното училиште и Советот за безбедност на сообраќајот

Реализирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Исходи и ефекти
Соработка со ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Мак.Брод	Континуирано	Училиштето и ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална Работа- Мак.Брод	Известување и разговорсо стручни лица од центарот за наши ученици
Соработка со основни и средни училишта	Континуирано	Училиштето	Издавање согласности, преведници, известувања, прослава на патронати, известувања за запишани ученици
Соработка со градинката 7 Септември Мак.Брод.	Континуирано	Училиштето и градинката	Реализација на проектот: Училиштето од моите соништа
Соработка со Државен Заводза Статистика	Континуирано	Училиштето	Изработка на годишни статистички извештаи за почеток и крај на учебна
Соработка со Бирото за развој на образование	Континуирано	Педагог и психолог	Пополнување на табели
Соработка со МОН	Континуирано	Училиштето	Известувања
Соработка со Општина Мак.Брод	Континуирано	Училиштето и Општина Мак.Брод	Анкети, прашалници, извештаи, работилници
Соработка со Гратската библиотека	Континуирано	Училиштето и Градска библиотека	Работилници, пребарувањена книги, запознавање
Соработка со невладини организации	Континуирано	Училиштето и НВО	Заедничка соработка,работилници, хуманитарни акции
Соработка со Црвен Крст	Континуирано	Училиштето и Црвен Крст	Заедничка соработка,работилници, хуманитарни акции
Соработка со средното училиште Св.Наум Охридски	Континуирано, а во второтте полугодие активности од дома	Училиштето и средното училиште	Онлајн презентација во деветто одделение

- ***Јавна и културна дејност на училиштето***

Реализирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Установа и ресурси**	**Исходи и ефекти**
Маскембал по поводденот на шегата	01.04.2022 активностиод дома	активности од дома	активности од дома	Развивање на креативноста кај учениците за хумор
Развивање на креативноста кај учениците за хумор	активности од дома	активности од дома	активности од дома	Развивање на креативноста кајучениците
Приредба во Домот на културата по повод денот на сесловенските просветители	23.05.2022			

Превенција од насилно однесување во основното училиште

Реализирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Целна група**	**Исходи и ефекти**
Обезбедување од страна на чуварите на училиштето	Во текот на учебната година	Чувари на училиштето	Учениците	Намалување и превенција на инцидентина насилно однесување
Секојдневни дежурства од страна на чуварите на училиштето	Во текот на учебната година	Чувари на училиштето	Учениците	Ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедности причини
Секојдневно дежурство од страна на наставниците во определено место и задачи	Во текот на учебната година	Сите наставници	Учениците	Превенција од инциденти на насилно однесување
Организирање работилници за ученици засправување со конфликти на	Во текот на учебната година	Педагог, психолог,дефектолог	Учениците	Стекнување знаења и вештини за справувањеи разрешување на конфликти
Континуирана соработка со ЦСР и службите во центарот	Во текот на учебната година	Пом.директор ,Педагог, психолог,дефектолог	Учениците	Информирање на центарот за состојбитево училиштето

12 СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Педагот, психолог, дефектологот во целост ги реализираа своите програми за работа и беа ангажирани околу правилното водење на педагошката евиденција и документаија, советодавно консултанска работа со наствниците, следење на воспитно-образовната работа, изготвување на стручни материјали, аналитичко-истражувачка работа, Советодавно следење на учениците и овозможување тие да напредуваст според нивните можности.

Педагот, психолог, дефектологот ги реализират своите програмски задачи според Годишната програма за работа. Учествува во изработка на: Годишна програма за работа на училиштето, Полугодишните и годишните извештаи, Анализа по тримесечија, Годишна програма за својата работа. Работеа на уписот на ученици во прво одделение, формирање на паралелки во прво и шесто одделение, прифаќањето и распоредувањето на новодојдените ученици. Соработуваа со наставниците при информирањето за индивидуалните карактеристики на учениците, помага во откривањето и следењето на надарените ученици и нивна афирмација во училиштето и надвор од него. Голем дел од своето работно време насочија кон следењето на учениците кои покажуваа асоцијално поведение, доцнат на наставата, и покажуваат слаб успех. Притоа соработуват со нивните родители, наставниците и директорот во отстранувањето на овие негативни појави применувајќи индивидуални, групни форми на советодавна работа и педагошко-психолошки работилници. Професионалната ориентација ја остварија со учениците од деветтите одделенија преку организирање и следење на истражувањата и презентацијата од страна на Агенцијата за вработување и Средното општинско училиште ,,Св.Наум Охридски„„ Мак.Брод.

Своето стручно усовршување го остварија преку следење на стручна литература списанија, преку учество во работата на стручните активи, преку обука за реализација на горенаведените проекти. Уредно ги водеа професионалните досиеја на наставниците, својата педагошка евиденција и документација, ученичките досиеја, евиденција на ученици кои се запишале / испишале во текот на учебната година. Во својата работа остварија соработка со директорот, помошник директорот, наставниците, родителите, и со институци кои се поврзани со работата на училиштето.

Педагогот преку целата учебна година ја следеше и целокупната работа на одделенските наставници и работата на одделенската заедница, а психологот работата на предметните наставници и според Законот за основно образование организираше советувања со родителите на учениците кои покажуваа послаб успех, направиле повеќе од десет неоправдани изостаноци или за несоодвето однесување. Дефектологот во целост ја реализираше својата програма за работа со учениците со посебни образовни проблми и учениците кои имаа тешкотии во учењето и однесувањето во училиштето и надвор од него .

Од страна на педагогот, психологот и дефектологот е извршена посета на часови и проверка на дневните подготовки со цел да се овозможи и поцелосно согледување и реализирање на целите во наставата.

БИБЛИОТЕКА

Основната цел на училишната библиотека е да негува и развива љубов и интерес кон книгата уште од најраната возраст, кај најмладата популација. Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици, кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето. Во тој контекст, училишните библиотеки претставуваат „центар на гравитација“ во царството на знаењето во училиштата , во кои учениците ќе ги направат првите контакти и каде ќе остварат непосредна комуникација со книгите, ќе го совладаат начинот на нивното користење и ќе им служат за збогатување на нивните знаења. Преку различни форми на работа, библиотекарот во тесна соработка со библиотекарската секција и воспитно-образовниот кадар, успешно и целосно ја остарува нивната благородна мисија.

Библиотекарот со своето образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство, работни навики, интеркадровски односи и мотивација, претставува главен двигател во развојот на училишната библиотека.

Реализирана програмска Активност	**Време на реализација**	**Форми на работа и ресурси**	**Исходи и ефекти**
Помош во организирање наставни часови во библиотеката во рамките на редовната настава, додатната настава и со слободните ученички активности	Континуирано	Библиотекар, наставници	Успешно изведена настава
Договор со наставниците за набавување литература за ученици и наставници	Континуирано	Библиотекар, наставници	Подобри резултати во наставатаи учењето
Соработка со Градската библиотека и соработка со други училишни библиотеки	Континуирано	Библиотекар,наставници	Размена на искуства и стручна помош

13.СТРУЧНИ ОРГАНИ

- ***Наставнички совет***

Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа девет состаноци За сите одржани состаноци на Наставничкиот совет се водени записници во посебна книга за таа намена. Во текот на учебната 2021/2022 година Наставничкиот совет во целост ја реализира програмата предвидена во Годишната пограма за работа на училиштето. Реализираните задачи на Наставничкиот советна седниците:

Реден број	Дневен ред	Датум на одржување
1.	1. Разгледување и утврдување на општиот успех и поведението на учениците на крајот од учебната 2020/2021година. 2. Разгледување на Годишниот извештај за реализација на Годишната програма заработа на училиштето за Учебната 2020/21 година 3. Разгледување на куќниот ред и кодексите за однесување на ученици,родителитевоспитно-образовниот кадар и останатите вработени во училиштето 4. Формирање на паралелки и определување на задолженија на наставниците, стручните соработници и раководителите на подрачните училишта: а) Распределба на часови по наставни предмети од задолжителната и изборната настава; б) Определување на одделенски раководители; в) Определување на задолженија за дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности и г)Донесување на одлука за работа во смени и почеток на работното време во зависност од состојбата со Ковид -19 5. Усвојување на сите видови распореди а) Распоред на часови; б) Распоред за дежурство; в) Распоред на sвонење и г) Распоред на екскурзии. 6. Предлози и прашања	20.08.2021

3.	1. Реализација на редовната, дополнителната,додатната настава и слободните ученички активности во првиот класификационен период од Учебната 2021/2022година 2. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците во првиот класификационен период од Учебната 2021/2022година; 3. Донесување на одлуки за изрекување на воспитни мерки 4. Согледувања од соработката со родителите по одржаните родителски средби 5. Предлог за формирање на пописни комисии 6. Предлог програма за одбележување на патрониот празник - 7.12.2021 година - Ден на училиштето 7. Предлози и прашања	10.11.2021 год.
4	1.Разгледување и давање мислење за Предлог финансискиот план за 2022 г. 2.Предлози и прашања	13.12.2021 год.
5.	1. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците во првото полугодие од Учебната 2021/2022 г. 2. Донесување на одлуки за изрекување на воспитни мерки 3. Согледувања од соработката со родителите по одржаните родителски средби 4. Предлози и прашања	13.01.2022 год.

6.	1. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците во третиот класификационен период од учебната 2021/2022 година; 2.Донесување на одлуки за изрекување на воспитни мерки 3.Информации од соработката со родителите по одржаните онлајн родителски средби 4.Определување на ментори на наставници-приправници 5.Предлози и прашања	05.05.2022 год
7.	1. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците од деветто одделение и утврдување на годишните оценки за учебната 2021/2022година 2. Донесување на одлуки за изрекување или укинување на воспитни мерки 3. Формирање на комисија за изготвување на Годишната програма. 4. Предлози и прашања	08.06.2022 год.

8.	1. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците од прво до осмо одделение и утврдување на годишните оценки за учебната 2021/2022година. 2. Организирање на одделенски испит 3. Предлози и прашања	15.06.2022
9	1. Разгледување и утврдување на општиот успех и поведението на учениците одпрво до деветто одделение за учебната 2021 /2022 година 2. Разгледување и давање мислење на предлог Програмата за работа на училиштетоза учебната 2022/2023 г. 3. Извештај од организираните одделенски испити. 4. Донесување на одлуки за избор на учебници од каталогот на одобрени учебници за учебната 2022/2023 година	30.06.2022
10	1. Разгледување на годишниот извештај за реализација на годишната програма и постигнувањата на учениците за учебната 2021 /2022 год. 2. Разгледување на Извештајот за самоевалуација на училиштето за учебните 2020/21 и 2021/22година 3. Разгледување на куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување во училиштето 4. Тековни прашања	20.08.2022г

14.ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ

Училишниот одбор работеше според програмата за работа..Реализирајќи ја својата годишна програма за работа училишниот одборво целост ги задоволи потребите како орган на управување со училиштето донесувајќи одлуки во согласност со законските прописи.

- ***Седници на училишниот одбор***

Реден број	**Дневен ред**	**Датум на одржување**
1.	1. Разгледување на Годишниот извештај за реализација на годишната програма и постигнувањата на учениците за учебната 2020/2021 год 2. .Разгледување на куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување во училиштето.5 3.. Одлука за ажурирање на планот за кризи 4.Предлози и прашања	26.08.2021
2.	1. .Разгледување на предлог финансиски план за 2022 год. и предлагање до советот наопштина 2. Донесување план за Јавни набавки за 2022 год. 3. Одлука за пописни комисии 4. Финансиски одлуки. 5.Предлози и прашања	14.12.2021год.
3	1. . Верификација на мандатот на новоизбраните членови во училишниот одбор на ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод 2. Избор на претседател на УО Македонски Брод 3.Разгледување на полугодишниот извештај за работа на училиштето 4.Давање на мислење за прием на наставници по објавен оглас од28.01.2022година 5. Разгледувљање на извештајот од пописни комисии за попис 2021година 6. Одлука за отворање на донаторска сметка 7.Предлози прашања	09.02.2022

4	Варификација на мандатот на ново избраните членови во училишниот одбор на ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод Одлука за обезбедување на оброк за учениците од продолжен престој Разгледување на завршните сметки ипредлагање до Совет на општина Предлози и прашања	24.02.2022
5.	1. Одлука за отворање на донаторска сметка за проект 2021-1-МК01-КА122-SCH 2. Одлука за отворање на донаторска сметка за проект 2021-1-FR01-КА-210- SCH 3. Прелози и прашања	09.03.2022
6	1.Донесување одлука за проширување на финансовиот план за буџетска сметка 2.Донесување на план за донаторска сметка 7450106599 785- 231 и предлагање до Совет на општина М.Брод 3. Донесување на финансиски план за донаторска сметка 7450106599 785 19 и предлагање до Совет на општина М.Брод 4. Разгледување на заклучок од Совет на општина и донесување на одлука по истиот 5. Прелози и прашања	07.04.2022
7	1. Донесување на Статут на ООУ„Св.Климент Охридски“Македонски Брод 2. Одлука за усвојување на Статутот на ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод 3. Одлука за формирање на комисија за самоевалуација за учебните 2020/2021 и 2021/2022година 4. Информација за постигнатиот успех и поведение на учениците на крајот од третиот класификационен период од учебната 2021/2022година 5. Донесување на финансиска одлука 6. Предлози прашања	18.05.2022
8	1. Разгледување на успехот и поведението на учениците за учебната 2021/2022година 2. Разгледувањеи давање на мислење на предлог Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023год. 3. Донесување одлука за наградување на ученик и ментор на ученик за освоено прво место на државен натпревар 4. Донесување одлука за измена на Планот за јавни набавки 5. Предлози прашања	01.07 .2022
9	1. Разгледување на годишниот извештај за реализација на годишната програма и постигнувањата на учениците за учебната 2021 /2022 год. 2. Донесување одлука за ажурирање на планот за кризи 3. Разгледување на куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување во училиштето 4.Предлози и прашања	27.08.2022

15.ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ

- ***Работа на директорот***

Оваа учебна година директорот ги презеде следните активности:

- да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.
- да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност.
- да обезбедува услови на организација кои ќе ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат и др.)
- да обезбеди континуирано користење на информатичкиот систем во воспитно образовниот процес.
- да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата.
- да ја следи работата на учениците и да соработува со родителите во однос на успешно решавање на проблеми и тешкотии кои ги покажуваат учениците во наставата.
- да ја следи работата на наставниците и учениците на наставните часови и да придонесува за поквалитетно планирање и одржување на наставата

Директорот на Училиштето во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето ја обавуваше раководната функција којабараше темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го водеше училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставата и целокупното работење на училиштето.

Директорот ги стави интересите на Училиштето, односно неговите визија и мисија, пред сите други интереси. Тој работеше воинтерес на учениците и овозможи еднакви можности за сите ученици, како и сите ученици да се чувствуваат добредојдени.Со своето целокупно работење ја унапредуваше училишната клима и ја следеше севкупната работа на училиштето раководејќи со реализацијата на годишната програма. Неговите активности беа насочени кон извршувањето на работните задачи, перманентно следење на воспитно-образовниот процес, анализа и вреднување на резултатите од работата.на училиштето која беше во склад со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административно-техничкиот персонал за обезбедување на материјално финансиски и хигиенски условиза работа.

На почетокот на учебната година пристапи кон планирање на бројот на наставници, одделенски раководители, додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности. Пристапи кон изготвување на распоред на часови, Годишна програма за работа на училиштето, Сопствена програма за работа, како и програма за работа на Училишниот одбор и Советот на родители на учениците.
Работеше на прифаќањето на нови проекти во училиштето, и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи.
Во текот на учебната година врз основа на сопствената годишна програма за работа директорот го следеше одвивањето на наставниот процес, слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава. Од увидот на работата на воспитно- образовниот кадар директорот може да констатира дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Исто така преку состаноците на стручните органи и тела ја следеше и унапредување работата во училиштето, организираше стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар, интерни и екстерни семинари и советувања, соработување со локалната средина преку индивидуални и групни средби со Советот на родители,

Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно-образовниот процес.

Директорот при реализација на програмата успешно соработување со помошник директорот и стручните соработници. Активно учествуваше и раководеше во изготвување на сите видови планирања за успешно започнување на новата учебна година. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација, Е-дневникот и даваше насоки и помош при отсранување на пропустите. Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за подигнување на квалитетот на истиот. Акцент на својата работа директорот посвети на реализацијата на проектите. Како резултат на тоа имаме успешно презентирање преку јавните и културните манифестации во училиштето и надвор од него.

Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на програмираните задачи. На полето на стручно усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето ги следеше со успех семинарите наменети за директори.

На наставниците почетници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар во училиштето, а на студентите од универзитетите во Република Македонија им овозможи во училиштето во соработка со наставниот кадатр да извршат хоспитација.

За унапредувањето на воспитно-образовната дејност успешно соработуваше со Бирото за развој на образование, а посебно со одговорниот советник за училиштето, Државниот просветен инспекторат, преку Центарот за граѓанска иницијатива соработувашесо разни невладини организации, Здравствениот дом, Културниот дом, Детската градинка, Центарот за социјални грижи, ПС- Македонски Брод одд.за превенција и слично.

Особено се ангажираше да обезбеди спонзорирање на училиштето преку доставување на барања од разновидни фондации, приватни фирми, локалната самоуправа, министерството за образование и наука, агенцијата за спорт и малади и др.

Помошник директор

Целокупната работа на помошниок директорот беше насочена кон подобрување на квалитетот на работата на училиштето и кон постигнување на подобри резултати. Посебно внимание беше посветено на воспитно-образовниот процес како основа на работа на училиштето во планирање координирање и реализација на активностите. Активно учествуваше во подготовка на состаноците на стручните органи и тела во училиштето.

Одговорен е за Планот за заштита и спасување, еко координатор и претседател на комисиите за јавни набавки. Учествува во планирање и изведување на сите видови распореди. Активно учествува во соработка со локалната самоуправа, во соработка со родителите и организацијата на Советот на родители. Перманентно ја следи педагошката евиденција, како и електронската преку Е-дневникот и ЕМИС и ХРМ податоците и врши посета на часови кај наставниците.

При реализација на целокупната активност главна соработка има со директорот како и стручните соработници и наставници.

16.Совет на родители

Советот на родители организирано ги остваруваше интересите на учениците во нашето училиште. Советот на родители работеше по програма донесена од самите членови и во голема мера придонесе за успешна реализација на целокупната работа на училиштето, а пред се во воспитно-образовниот процес. Активно работеше и комсиијата за јавни набавки каде што финансираат родителите. Претставници на родителите активно беа вклучени во работата на училишниот одбор и во проекти што беа реализирани , како проектот еко-активностите и проекти од училиштето за реновирање на училиштето и уредување на училишниот двор

Седници на Советот на родители

Реден	Содржина на седницата – Дневен ред	Време на
1.	1.Разгледување на годишниот извештај за реализација на годишната програма и постигнувањата научениците за учебната 2020/2021 год. 2.Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 3.Разгледување на годишната програма за работа на советот на родители за учебната 2021/.2022 и нејзино донесување 4.Разгледување на извештајот за работа на Советот на родители за учебната 2021/2022 5.Разгледување на куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување во училиштето 6. Тековни прашања	26.08.2021 Средбата е онлајн одржана
2	1. Верификација на мандатот на новоизбраните членови на Советот на родители 2. Избор на претседател и заменик претседател на Совет на родители 3. Избор на членови на училишен одбор 4. Разгледување на извештајот за постигнување на учениците во првиот класификационен период од учебната 2021/22 5. Формирање на комисија за јавни набавки каде што финансираат родителите 6. Донесување на одлука за прифаќање на училишни списанија 7. Донесување на одлука за посета на културно уметнички и спортски манифестации 8. Тековни прашања	11.11.2021
3	1.Разгледување н а Полугодишниот извештај за постигнувањата на учениците во учебната 2021/2022год. 2.Давање одлука за доставување на понуди за екскурзии,фотографирање и завршна свеченост на полуматурантите. 3.Тековни прашања	03.03.2022 Средбата е онлајн одржана

4	1. Разгледување на извештајот од одржаните наставнишко родителски средби 2. Разгледување на извештајот од постигнатиот успех и поведение на учениците на крајот од третиот класификационен период од учебната 2021/22година 3. Предлагања и размислувања на членовите на советот за подобрување на успехот и поведението на учениците 4. Обработка на тема од Стручната служба 5. Избор на членови за самоевалуација на училиштето 6.Предлози и прашања	17.05.2022 .
5	1.Разгледување на успехот и поведението на учениците за учебната 2021/2022година 2.Разгледување и давање мислење на Предлог годишната програма за работа на училиштето за Учевната 2022/2023година 3.Предлози и прашања	30.06.2022
4	1.Разгледување на годишниот извештај за реализација на годишната програма и постигнувањата научениците за учебната 2021 /2022 год. 2. Разгледување на годишната програма за работа на советот на родители за учебната 2022/.2023 инејзино донесување 3. Разгледување на извештајот за работа на Советот на родители 4. Разгледување на куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување во училиштето 5. Тековни прашања	24.08.2022

.

17-**КОМИСИИ И ТИМОВИ**

Во текот на учебната година активно функционира следниве комисии:

- Комисија за изработка на годишна програма;
- Комисија за самоевалуација на училиштето
- Комисија за кариерен развој на наставниците
- Инклузивен тим
- Комисија за конкурси;
- Комисија за запишување на ученици во прво одделение;
- Комисија за организирање на општински и регионални натпревар
- Комисија за културни и спортски натпревари;
- Тим за соработка со локалната заедница;
- Тим за естетско уредување на училиштето;
- Комисија за јавни информации;
- Тим за планирање и организација на аукции од изработки на ученици;
- Комисија за организирање на училишни натпревари;
- Тим за изработка на проекти;
- Комисија за планирање на ученички екскурзии и екскурзи на колективот;
- Комисија формирана од советот на родители (каде што финансираат родителите)

18 ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за учебната 2021/2022 година е реализирана во целост со исклучок на екскурзијите поради Ковид-19. Работата во училиштето во целост може да се карактеризира како исклучително успешна, динамична со следење на сите нови трендови во воспитно образовниот процес кои ги налага новиот начин на живот со Ковид 19.

Оваа учебна година училиштето посебно успешно беше на полето на:

- Планирање, организирање и работата на слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава;
- Резултатите на учениците од државните, регионалните и училишните натпревари и мноштвото јавни и културниманифестации;
- Работата на стручните активи;
- Примена на стандартите и критериумите при оценувањето;
- Успешна реализација на проектот Меѓуетничко образование со партнер училиштето Мустафа Кемал Ататурк од Пласница
- Успешна соработка и потпишување Повелба за соработка(збратимување) со училиштето Вук Караџиќ од Житковац општина Алексинац Република Србија

Потешкотии

- Прекини во интернет при реализација на наставата
- Немање на адекватно надворешно игралиште за одржување на часови по физичко и здравствено образование.
- Поради големиот фонд на часови за учениците од II — IX одделение се наидуваше на тешкотии при одржување на дополнителната настава, додатната настава и слободните ученички активности.
- Немање на санитарен чвор во стариот дел на училиштето во кој наставата се изведува за осум паралелки.

Препораки за идната учебна година

- Отвореност на училиштето за прифаќање на нови проекти во образованието.
- Да се применуват сите позитивни искуства стекнати во оваа учебна година.
- Да се продолжи со навремено одење на часови и извршување на дежурствата
- Учениците постојано да се мотивираат за постигнување на подобри резултати.
- Да се продолжи со доделување на разни награди и истите колку што е можно да се зголемат, со цел да се мотивираат учениците и наставниците за постигнување на подобри резултати на регионалните и државните натпревари.
- Да се посвети поголемо влијание на воспитната компонента кај учениците.
- Задолжително одржување на дополнителна настава со учениците кои покажуваат послаби резултати
- Следење на иновативните текови од сите субјекти во училиштето и нивна примена во наставата
- Објективно јавно и транспарентно оценување на учениците
- Редовно водење на педагошката евиденција
- Учениците повеќе да се мотивират за навремено следење на наставата.
- Да се потикнува самооценувањето на учениците.
- Да се зголеми соработката помеѓу наставниците при изготвувањето на планирањата за да се воспостави корелација помеѓупредметите.
- Да се продолжи и продлабочи а соработка со основните училишта „Мустафа Кемал Ататурк“ Пласница и „Пере Тошев“ Десово за реализација на проектот МИО, и ОУ„Вук Караџиќ“ Житковац општина Алексинац.

Резиме на заклучокот:

Годишната програма за учебната 2021/2022 година е реализирана во целост со физичко присуство. Поради зголемување на бројот на заболени од КОВИД 19 зимскиот одмор на учениците беше продолжен до 31.01.2022година и второто полугодие наместо на 20.01.2022година започна на 1.02.2022година. Во периодот од 11.04.2022г0дина до 28.04.2022година настава не се одвиваше поради генерален штрејк на вработените во образование. Со измена на календарот за работа на училиштата учебната 2021/2022година има вкупно 161 наставен ден. Годишните програми за работа беа прилагодени кон ваквиот број на наставни денови и во целост се реализирани..

- Единствено што небеше реализирано во годишните програми се ученичките екскурзии затоа што според Правилникот за изведување на екскурзии истите не се изведуваат доколку во учебната година има реализирано помалку од 180 наставни денови.

Прилози:

- Извештај за работа на Директор ,
- Извештај за работа на пом. директор
- Извештај за работа на психолог ,
- Извештај работа на педагог
- Извештај за работа на дефектолгот
- Извештај за работа на библиотека
- Извештај за работата на Стручните активи
- Извештај од работата на Училишен одбор
- Извештај од работата на Совет на родители
- Извештај од работата на Црвен крст
- Извештај од работата на Детска организација
- Извештај од работата на Ученичка заедница
- Извештај од Наставнички совет
- Статистички извештај за постигањата на учениците

Август, 2022 год.	Претседател на Училишен одбор	Директор:
Мак.Брод	Весна Котеска	Тони Ставрески

.